Народна банка на Република Северна Македонија
Дирекција за статистика

Скопје, 23 септември 2026 година

Соопштение за движењата на бруто надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција во вториот квартал од 2026 година

Бруто надворешниот долг[1] во вториот квартал на 2026 година бележи раст на квартална основа од 232 милиони евра. Во споредба со крајот на 2025 година, бруто-долгот е зголемен за 1.030 милиони евра, како резултат на повисокиот јавен и приватен надворешен долг. Учеството на бруто-долгот во проектираниот БДП, на крајот на првата половина на 2026 година изнесува 71,4%.

Бруто надворешните побарувања[2] во вториот квартал се повисоки за 202 милиони евра, споредено со претходното тримесечје. Кварталното зголемување се должи на растот на приватните побарувања за 418 милиони евра, главно кај капитално поврзаните субјекти и останатите сектори, при пад на јавните побарувања. Во однос на крајот на 2025 година, вкупните побарувања се повисоки за 718 милиони евра, пред се поради зголемените приватни побарувања.

Нето надворешен долг[3] - Нето-долгот забележа умерено квартално зголемување, а неговото учество во проектираниот БДП изнесува 25,9%. Приватниот нето-долг и натаму преовладува со учество од 58,2%. Во однос на крајот на 2025 година, нето-долгот е повисок за 312 милиона евра, при раст на нето јавниот долг и намалување на нето приватниот долг.

Меѓународна инвестициска позиција[4] - Негативната нето МИП се зголеми за 134 милиони евра и изнесува 8.986 милиони евра, или 48,9% од проектираниот БДП. Зголемувањето произлегува од поинтензивниот раст на обврските, во однос на растот на средствата. Директните инвестиции сочинуваат 96% од негативната нето-позиција, од кои 73% се однесуваат на сопственички капитал. Во споредба со крајот на 2025 година, негативната нето МИП е зголемена за 463 милиони евра, како резултат на растот на нето-обврските врз основа на должничките и на сопственичките инструменти.

Придружни информации

- Информација за позначајни промени кај надворешниот долг надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција во вториот квартал од 2026 година
- Временски серии за надворешниот долг и надворешните побарувања
- Временски серии за меѓународната инвестициска позиција
- Методолошки појаснувања за надворешниот долг и побарувањата
- Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција
- Календар на објавување на податоците

Следно објавување: 28 декември 2026 година (референтен пресек заклучно со септември 2026 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 102 (или 110/108).

[1] Бруто надворешниот долг се однесува на состојбата на обврските на резиденти кон нерезиденти, врз основа на должнички инструменти (на пример, заеми, обврзници, депозити, обврски по комерцијално работење и слично).
[2] Бруто надворешните побарувања се однесуваат на побарувањата од нерезиденти по должнички инструменти.
[3] Нето надворешниот долг како индикатор за задолженоста на економијата претставува разлика помеѓу состојбата на бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања.
[4] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) е приказ на состојбите на побарувањата од и обврските кон нерезидентите врз основа на финансиски инструменти (должнички и сопственички), на определен датум. Негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.